МЦМС
МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност

Истражувачки извештај

Александар Кржаловски

март 2011 г.

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор
Александар Кржаловски, извршен директор

**Автор**
Александар Кржаловски

**Лектура**
Даниел Медароски

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ISBN 978-608-4617-10-5

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не мора да ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

**Македонски центар за меѓународна соработка**
Сите права се задржани.
Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено со претходна дозвола на издавачот или заради цитирање.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# СОДРЖИНА

**ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ....................................................................4**

**ПРЕДГОВОР ....................................................................5**

**ВОВЕД ....................................................................6**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ....................................................................8**

**I. ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВА НА ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ..................10**

**II. ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПОЕДИНЕЧНИ СЕКТОРИ..........................................13**

**II.1. БЕЗБЕДНОСТ И ПОЛИЦИЈА ....................................................................14**

**II.2. ПРАВОСУДСТВО....................................................................14**

**II.3. ФИНАНСИИ ....................................................................15**

**II.4. ЗЕМЈОДЕЛСТВО ....................................................................16**

**II.5. ОБРАЗОВАНИЕ ....................................................................16**

**II.6. МЕДИУМИ....................................................................17**

**II.7. ЖИВЕАЛИШТА, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА ....................................................................18**

**II.8. ОБЛАСТ НА ВРАБОТУВАЊЕ ....................................................................18**

**III. ПРИФАТЛИВОСТ НА ПОЛИТИЧКО ВОДСТВО ..................................................19**

**IV. БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ..................................................20**

**ПРИЛОЗИ**

**Прилог 1: Анкетен прашалник за дискриминација и вознемирување врз основа на етничка припадност.................................................................... 22**

**Прилог 2: Примерок .................................................................... 25**

**Прилог 3: Теми во фокус-групите .................................................................... 26**

**Прилог 4. Библиографија.................................................................... 26**

# ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

Во извештајот се користат термини и дефиниции опфатени во Поимникот на изрази поврзани со дискриминацијата (МЦМС, 2009).

Дискриминација подразбира секое разликување, исклучување, ограничување или нееднакво постапување или непостапување, мотивирано од одредени минати, сегашни или идни основи, а кое има за цел или резултира со оневозможување или отежнување на признавањето, уживањето или практикувањето на сите права и слободи од страна на сите лица врз еднаква основа, односно ставање во понеповолен третман на едно лице во однос на друго лице во слична ситуација.

Дискриминацијата по основа на етничка припадност значи различно третирање на поединец затоа што припаѓа на конкретна етничка заедница.

Вознемирувањето подразбира несакано однесување поврзано со некои од основите на дискриминација, независно од тоа дали се манифестира на физички, вербален или друг начин, кое е насочено или има за цел повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, деградирачка, навредлива или заплашувачка средина, пристап или практика.

Јавниот сектор е дел од економскиот и административниот живот којшто се занимава со дистрибуцијата на добра и услуги од и за државата, односно којшто се наоѓа под надзор на централната, регионалната или локалната власт.

Под јавни служби (услуги и други сервиси) се подразбираат сите услуги коишто се извршуваат во општ интерес, професионално се нудат од која било приватна или државна установа, организација или институција, односно кои се даваат од определено тело или државна институција.

Квотите претставуваат обврзан, фиксиран број позиции или места кои можат да бидат пополнети само од претставници на одредена малцинска заедница.

Стигма/стигматизација е непосакувана или дискредитирачка особина која се придава на лице или група луѓе насочени кон снижување на статусот на лицето или групата во очите на заедницата.

Толеранцијата е способност да се прифатат и да се почитуваат уверувањата и општествените вредности на други лица или групи луѓе.

# ПРЕДГОВОР

Начелата за еднаквост и недискриминација се основни елементи на меѓународната законска рамка во однос на човековите права. Овие права се особено насочени кон заштитата на човековите права на ранливите, маргинализираните и сиромашните групи, како и на социјално исклучените поединци и групи. Македонија ги гарантира основните човекови права и фундаментални слободи со Уставот и со повеќе закони, а ги има потпишано и повеќето меѓународни документи за човекови права предвидени во системот за заштита на Обединети нации, како и во европските регулативи.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од самото основање ги промовира еднаквоста и толеранцијата, кои истовремено се и дел од принципите на кои се темели неговото дејствување. Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог се едни од долгорочните цели на МЦМС. Попознати активности на МЦМС за поттикнување на толеранцијата се кампањата Цело е кога има сè и програмите Страници за меѓусебно разбирање, Меѓурелигиска соработка во Македонија, Македонија без дискриминација и Македонија – модел за дијалог меѓу културите. Во 2007 година МЦМС беше еден од иницијаторите за формирање на Сојузот „Македонија без дискриминација“.

Во 2004 година МЦМС, во соработка со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), подготви предлог-закон за антидискриминација, кој не беше прифатен за разгледување од страна на надлежните институции. Сепак, МЦМС зеде активно и суштинско учество во подготовката на Законот за спречување и заштита од дискриминација, донесен во 2010 година.

Од 2004 година МЦМС ја мери и толеранцијата во македонското општество, а во 2009 година го спроведе и истражувањето „Барометар на еднакви можности“. Претходно го објави и „Поимник на изрази поврзани со дискриминацијата“. Со оглед дека МЦМС верува во „планирање (и застапување) засновано на факти“, во 2010 г. спроведе уште две истражувања за македонските општествени вредности и конкретно за дискриминацијата по основа на етничка припадност.

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата спроведена при истражувањето „Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност“. Истражувањето е финансиски поддржано од ОБСЕ, како дел од нивни проект за анализа на ситуацијата со дискриминацијата по основа на етничка припадност.

Сашо Клековски
Александар Кржаловски
Одбор на директорите

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност“, која беше спроведена за прв пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Македонија.

Целта на истражувањето беше да се испита перцепцијата на граѓаните по ова прашање, како надополнување на споменатото истражување.

МЦМС му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ од Скопје (ИДСЦС), чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице“ во домаќинствата во декември 2010 година на репрезентативен примерок од 1.074 испитаници од страна на ИДСЦС. Исто така се организираа и две фокус-групи за проверка на наодите.

### Прашалник

Прашалникот беше подготвен врз основа на прашалниците од слични анкети на МЦМС, како и врз основа на глобалните истражувања за вредностите. Прашањата се подготвени од работна група во МЦМС: Сашо Клековски, Александар Кржаловски и Даниела Стојанова.

За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните теми:

- Контекст;
- Дискриминација во шест конкретни сектори: безбедност и полиција; правосудство; финансии; земјоделство; образование; медиуми; како и во областа на вработувањето;
- Водечки функции и борба против дискриминацијата; и,
- Социо-демографски карактеристики.

Целиот прашалник е даден во прилог 1.

### Примерок

Анкетата беше спроведена во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.074 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст и региони.

Од 1.074 испитаници, 47,1% беа жени, а 52,9% мажи. Во однос на етничката застапеност, Македонците учествуваа со 66,9%, Албанците со 24,4%, а другите етнички групи беа застапени со 8,8%. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 28,4%, додека градската со 71,6% (град Скопје со 17,2%). Целосен преглед на примерокот е даден во прилог 2.

Социо-демографските карактеристики ги опфатија и религиозноста, возраста, работниот статус, перцепцијата за социјалниот статус, месечните примања, симпатизерството кон определени политички партии и др. Овие параметри се коментирани само во случаи на значајни (над 5%) отстапувања од општите резултати.

### Фокус-групи

За проверка на некои од резултатите, по спроведувањето на анкетата се организираа две фокус-групи, една составена од етнички Македонци и Роми, а другата од етнички Албанци. Во двете имаше по шест учесници. Групите расправаа за седум теми, на кои имаше разлики во перцепциите меѓу граѓаните од различна етничка припадност. Прегледот на темите е даден во прилог 3.

**Обработка и прикажување на резултатите**

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка од +/- 5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и други помалобројни социо-демографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

За прашањата каде што е барана споредба на две спротивставени изјави (со оценки 1-10), толкувањето на резултатите е правено по принципот на согласност на одговорите 1-5 со првата изјава, а 6-10 со втората (спротивставената) изјава. Каде што има битни групирања кон некоја од оценките (најчесто 1 или 10), тоа е дополнително коментирано.

Незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во графиците, со термините „македонска“ и „албанска“ е означена етничката припадност на испитаниците.

Наодите од ова истражување, каде што беше можно заради слични/идентични прашања, се споредувани со резултатите од слично истражување спроведено во 2009 година (Бешка-Петроска, В., Најчевска М., 2009). Повикувањето (референцирање) на податоците од тоа истражување е правено со споменување на годината (2009).

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност“, спроведена во рамките на проект на МЦМС, финансиски поддржан од ОБСЕ. Самата анкета е изведена од Институтот за демократија „Социетас цивилис“, во декември 2010 г., на примерок од 1.074 испитаници, репрезентативен по основа на пол, етничка припадност и региони.

Целта беше да се испита перцепцијата на граѓаните за дискриминацијата по етничка основа, но и личните искуства како жртви или сведоци на дискриминација, општо и во поединечни сектори и области. Направена е и споредба со слично истражување од 2009 година.

Мнозинството граѓани (53,3%) сметаат дека **има дискриминација во Македонија**, а по основа на **етничка дискриминација, таа е втора најзастапена** (по партиската припадност).

Регистрираната **перципирана дискриминација** од 67,7% е повеќе од **двојно поголема отколку доживеаната** (како жртва или сведок) - 31,9%. Сепак, треба да се констатира дека и овој процент зборува за релативно високо ниво на дискриминација по основа на етничка припадност.

Овие разлики, како и посочувањето на конкретни примери, укажуваат дека **недискриминацијата е сè уште концепт во развој во Македонија** и има големи разлики во разбирањето на поимот и термините, толкувањето на однесувањата и соодветното реагирање (пријавување случаи).

Преовладува мислењето дека **дискриминацијата е зачестена** во последните пет години.

**Најчести области** на дискриминација по основа на етничка припадност, според личните искуства на граѓаните, се: работните односи (**вработувањето**), **услугите** во јавниот сектор (јавна администрација, а особено полицијата и здравствените услуги), но и во приватните услуги (кафе-барови, дискотеки, базени), како и **образованието**.

**За сите испитувани поединечни сектори преовладуваат мислењата дека има дискриминација**, со тоа што за четири сектори (здравство, образование, правосудство и безбедност/полиција) тоа се и мнозински мислења (над 50% од испитаниците).

Дополнително на тоа, **етничките Албанци сметаат дека има поистакната дискриминација** заради етничката припадност **во секторите земјоделство и култура**.

**Има разлики по етничка основа** и на прашањата за перцепција на функционирањето на **полицијата**, распределбата на **буџетот**, (не)плаќањето **данок**, поделбата на **субвенциите**, степенот на **интеграција во училиштата**.

Повеќе граѓани (79 %) мислат дека **дискриминацијата во областа на вработувањето е почеста во државниот**, отколку во приватниот сектор (54 %).

Општо земено, сè уште има **мнозинска поддршка** (57,9 %) припадник на друга етничка заедница да биде избран на висока политичка функција, но таа поддршка е намалена во однос на 2009 година (66 %).

За мнозинството граѓани на Македонија, **прифатливо е** припадник на друга етничка заедница да биде на една од следниве функции (според соодносот на одговори „да“ и „не“, од 1,3 до 1): министер за финансии и за правда, јавен обвинител, народен правобранител, претседател на Републичкиот судски совет, гувернер на Народната банка, претседател на Собранието, претседател на Уставниот и на Врховниот суд.

**Малцинска е поддршката** за припадник на другите етнички заедници да биде избран на функциите: министер за надворешни работи, за одбрана и за внатрешни работи,

началник на Генералштабот на АРМ, а најмалку прифатливо е за функциите претседател на Владата и претседател на Република Македонија.

Во сите случаи поддршката од етничките Македонци е малцинска (од 24 % до 45 %), додека од етничките Албанци има големо мнозинство (од 70 % до 78 %).

Големо мнозинство од **72 % граѓани би пријавиле случај на дискриминација** по основ на етничка припадност, доколку им се случи ним или доколку бидат сведоци.

Тоа **не е во согласност со одговорите** на прашањата за личните искуства со случаи на дискриминација (жртви или сведоци) од 31,9 % **и праксата** (бројот на пријавени случаи во институциите последниве години, од околу 20 случаи годишно – сите кај Народниот правобранител на Република Македонија).

За разлика од нејзиното перципирано дискриминаторско постапување, **полицијата е институцијата кон која прво би се обратиле** најголем дел од граѓаните во случај на дискриминација (кај етничките Албанци пред полицијата е само Народниот правобранител).

# I. ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВА НА ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

За да се добие впечаток за општото ниво на дискриминација по основа на етничка припадност, поставени се неколку прашања за перцепцијата во однос на други основи на дискриминација и за сегашната состојба во однос на онаа пред пет години, како и личните искуства (жртви или сведоци) на чин/случај на дискриминација.

## Перцепција за дискриминација по разни основи

Мнозинството граѓани (53,5%, земајќи средна вредност од сите одговори „да“ по сите основи) сметаат дека дискриминацијата е (многу или прилично) честа појава во Македонија, наспроти 40,1% кои сметаат дека е многу или прилично ретка или дека воопшто не постои.

Убедливо најчеста основа за дискриминација е партиската припадност, за која 89,9% од граѓаните сметаат дека е честа појава. Мнозинството граѓани како чести ги издвојуваат и следните основи: **етничката припадност (67,7 %)**, хендикепот (53,8 %) и сексуалната ориентација 53,3 %. Поретки од нив се случаите на дискриминација (малцинство испитаници се изјасниле дека е честа појава) по основа на религија или уверување (45 %), возраст (39,8 %) и пол/род (37,3 %). Најголема неопределеност има кај препознавањето на дискриминацијата по основа на сексуална ориентација - над 10 % од граѓаните одговориле со „не знам“ или воопшто не дале одговор (кај другите тој процент е 2 до 5).

**Графикон 1. Перцепција за честота на дискриминацијата по различни основи во 2010 година**




Дискриминацијата по основа на етничка припадност е перципирана како втора најчеста основа (по партиската припадност) во нашето општество. Тоа го сметаат најголем дел од етничките Албанци (84,7 %), но и мнозинството етнички Македонци (60,4%). Слична е распределбата и според вероисповест – 60,7 % од христијаните и 82,4 % од муслиманите.

Споредено со 2009 година, редоследот на честотата на различните основи на дискриминација е иста, со исклучок на возраста која тогаш била трет најчест основ и пол/род – кој бил пред религијата/уверувањето. Она што е позабележителна промена е дека кај сите основи има поголем процент одговори „честа“ и „многу честа“, во просек за 9,5 процентни поени, што укажува на перцепција за зачестена дискриминација. По основ на етничка припадност, зголемувањето е за 13 процентни поени (67,7 % во 2010 година наспроти 54,6 % во 2009 г.).

Учесниците во фокус-групите како причини за дискриминација ги навеле: непознавањето (особено лично) на „другиот“, сликата која ја создаваат медиумите за етничките заедници, однос на моќ на побројните заедници, но и како влијание од пошироките општествени фактори: невработеност, сиромаштија, национализам, улогата на семејството (традиционална, патријархална), а укажуваат и на долготрајноста на постоењето дискриминација.

### Споредба на перцепциите за дискриминација сега и пред пет години

**Графикон 2. Ако ја споредите сегашната ситуација со онаа од пред пет години, дали би рекле дека дискриминацијата врз основа на етничка припадност е почеста или поретка?**




Во однос на перцепцијата за зголемување/намалување на степенот на дискриминација по основа на етничка припадност[1], како споредба на состојбата сега и пред пет години, поголем дел од граѓаните (38,3 %) сметаат дека е почеста, сличен процент дека останала иста (34,5 %), а помал дел дека е поретка (20,9 %).

Сличен е соодносот на овие мислења и со истражувањето од 2009 година, кога 37 % сметале дека е почеста дискриминацијата, 33 % дека е иста, а намален е процентот на тие што рекле дека е поретка (21 % во 2010 година, наспроти 26 % во 2009 г.).

Мнозинството етнички Албанци (51,5 %) сметаат дека состојбата е влошена (почеста) во овие пет години, а 11,5 % дека е подобрена. За 35,2 % етнички Македонци, дискриминацијата е почеста, додека за 23,3 % состојбата е подобрена, односно дискриминацијата е поретка.

### Лични искуства (жртви или сведоци) со дискриминација

**Графикон 3. Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани/ вознемирени заради етничката припадност?**




Наспроти перцепцијата за широка распространетост на етничката дискриминација (67,7 %), кога граѓаните се прашуваат за лично искуство со случај на таква дискриминација во текот на изминатата година, 1 од 5 граѓани (19,1 %) изјавуваат дека лично почувствувале (биле жртва на) дискриминација или вознемирување, а секој четврти (23,4 %) бил сведок.

Тука треба да се нагласи дека има делумно преклопување на одговорите, односно дека исти лица биле и жртви и сведоци на дискриминација. Вкупно 31,9 % од испитаниците биле жртви или сведоци на дискриминација. Во фокус-групите, сите учесници изјавиле дека биле жртви или сведоци на дискриминација.

Споредено со 2009 година, кога 33,5 % од испитаниците се изјасниле дека биле жртва на дискриминација по некоја од основите, меѓу кои 12,9% врз основа на етничка припадност, има зголемување за 6,2 процентни поени (19,1 % во 2010 година). Зголемен е и процентот на сведочења на случаи на дискриминација (23,4 %, наспроти 15,2 % во 2009 година).

Во однос на етничката припадност на испитаниците, забележлива разлика има на прашањето за лична дискриминираност (жртви), при што со „да“ одговориле 39,3 % од испитаниците етнички Албанци, а 9,9% од етничките Македонци. На прашањето дали биле сведоци на дискриминација, нема забележлива разлика (процентот на одговорите по етничка основа е помалку од +/-5 % од вкупниот процент од 23,9 %).

Интересно е дека на ова прашање, од оние кои изјавиле дека лично биле дискриминирани, двојно повеќе се мажи (65 %, наспроти 35 % жени), а нешто помал е соодносот на прашањето за сведоци на дискриминација (58 %, наспроти 42 %). Ова е едно од ретките прашања во истражувањето каде има статистички значајна разлика (над 5 %) по однос на полот.

[1] Понатаму сите прашања ќе се однесуваат дискриминацијата по оваа основа, па каде што не е поинаку наведено, употребата на терминот „дискриминација“ ќе подразбира дека се однесува на дискриминацијата по основа на етничка припадност.

Фокус-групите, со оглед на тоа што сите изјавиле дека биле или жртви или сведоци на дискриминација, сметаат дека овие перцепции се и подобри отколку што е во реалноста. Како аргументи, укажале на: страв од сведочење за забележана дискриминација, премолчување, па и обиди да се заборават такви настани. Групата со етнички Албанци смета и дека секој Албанец барем еднаш бил жртва на дискриминација.

Како дел од ова прашање, од испитаниците беше побарано и да наведат пример од личното искуство (како дискриминирани лица или сведоци на дискриминација кон друго лице). За истакнување е повисокото ниво на одговори (19,5 %) од вообичаеното на претходни анкети и кореспондирањето со нивото на лични искуства со случаи на дискриминација, иако повторно во најголем дел одговорите се премногу општи (пр. на работа или за вработување, во кафе-бар, на факултет, кон Ромите итн.).

Исто така, во одговорите има мешање на лични искуства како жртви и сведоштва, потоа на основи (иако прашањето беше само за етничката припадност) и области (пр. работни односи, здравство, образование), посочување конкретни организации/институции (како на пример МВР или ЕВН), но не и во што се состоела дискриминацијата (особено дали тоа било заради етничката припадност), како и формулации кои се однесуваат на нееднакво постапување, но не се сметаат за дискриминација (пр. квоти на факултет).

И во фокус-групите според примерите кои ги давале, се забележува вклучување и на појави кои не се дискриминација (вербални расправии, навреди, стереотипи). Дополнително, кон ширувањето на перцепцијата влијаат и личните приказни слушнати од познаници, како и во последно време – социјалните мрежи, каде се зајакнуваат стереотипите и предрасудите, со што се поттикнува дискриминацијата.

## Заклучоци

Мнозинството граѓани (53,3 %) сметаат дека **има дискриминација во Македонија**, а по основа на **етничка дискриминација, таа е втора најзастапена** (по политичката припадност).

Регистрираната **перципирана дискриминација** од 67,7 % е повеќе од **двојно поголема отколку доживеаната** (како жртва или сведок) - 31,9 %. Сепак, треба да се констатира дека и овој процент зборува за релативно високо ниво на дискриминација по основа на етничка припадност.

Овие разлики, како и посочувањето на конкретни примери, укажуваат дека **недискриминацијата е сè уште концепт во развој во Македонија** и има големи разлики во разбирањето на поимот и термините, толкувањето на однесувањата и соодветното реагирање (пријавување случаи).

Преовладува мислењето дека **дискриминацијата е зачестена** во последните пет години.

**Најчести области** на дискриминација по основа на етничка припадност, според личните искуства на граѓаните, се: работните односи (**вработувањето**), **услугите** во јавниот сектор (јавната администрација, а особено полицијата и здравствените услуги), но и во приватните услуги (кафе-барови, дискотеки, базени), како и **образованието**.

# II. ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПОЕДИНЕЧНИ СЕКТОРИ

## Споредба на секторите

Како вовед во анализата на дискриминацијата по основа на етничка припадност во неколку поединечни сектори, испитаниците се прашани за општа оценка на присутноста на овој вид дискриминација во секој од тие сектори.

**Графикон 4. Перцепција на дискриминацијата во разни области, според односот на одговори**




За сите споменати сектори преовладуваат мислењата дека има дискриминација (во соднос од 1,2 до 2,0 кон мислењата дека нема), со тоа што за четири сектори (здравство, образование, правосудство и безбедност/полиција) тоа се и мнозински мислења (над 50 % од испитаниците сметаат дека има дискриминација во тој сектор). Релативно голем процент граѓани (од 9 до 26 %) немале мислење по ова прашање.

Во повеќето сектори нема воопшто или е незначителна (< 5 %) разликата на одговорите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци. Исклучок се земјоделството и културата. За секторот земјоделство, 53,1 % од анкетираните етнички Албанци изјавиле дека има дискриминација во испораката на услугите, додека кај етничките Македонци тој процент е 37,3 %. Кај културата тој соднос е 53,8 % (кај Албанците), наспроти 38,7 % (Македонците).

**Графикон 5. Перцепција на дискриминацијата по сектори според етничката припадност:**
**а) земјоделство** **б) култура**




Во продолжение се анализирани одговорите за некои од избраните сектори.

## II.1. БЕЗБЕДНОСТ И ПОЛИЦИЈА

Во секторот безбедност/полиција, граѓаните беа прашувани за услуги како заштита, интервенции, но и издавање дозволи, изводи, патни исправи, лични карти, државјанство итн.

Вкупно 55,7 % од испитаниците сметаат дека има дискриминација по основа на етничка припадност во овој сектор, а 34,4 % дека нема (соодносот е 1,62). Нема голема разлика во одговорите на етничките Македонци (54,4 % рекле „да“) и етничките Албанци (58,0 %).

Дискриминацијата по етничка основа во областа на безбедноста, односно полицијата, е испитувана со две прашања (на скала од 1 до 10): Полицијата (не) го обезбедува јавниот ред и безбедноста без разлика на етничката структура на заедницата; Полицијата ги гони криминалците (без разлика на) / (зависно од) нивната етничка припадност.

**Табела 1. Ставови за дискриминација во обезбедувањето услуги од полицијата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Полицијата го обезбедува јавниот ред и безбедноста без разлика на етничката структура на заедницата (1-5) | 57,3 % | 42,4 % | Полицијата не го обезбедува јавниот ред и безбедност во мојата заедница поради етничката структура (6-10) |
| Полицијата ги гони криминалците без разлика на нивната етничка припадност | 59,9 % | 39,5 % | Полицијата ги гони криминалците зависно од нивната етничка припадност |

Во однос на првото прашање, мнозинство граѓани (57,3 %) смета дека етничката структура на заедниците нема влијание на односот на полицијата кон нив. Но, ако се погледаат одговорите по етнички заедници, се заклучува дека на ваквото вкупно мислење влијае главно ставот на етничките Македонци (61,3 % согласност со првата изјава), додека кај етничките Албанци тоа е малцинско мислење (43,1 %).

**Графикон 6. Разлики во ставовите за полицијата меѓу македонската и албанската етн. заедница**




Скоро идентична (нешто подобра) е проценката за тоа дали полицијата дискриминира при гонењето на криминалците, каде 59,9% сметаат дека нема дискриминација, односно криминалците се гонат без разлика на нивната етничка припадност. И тука дистрибуцијата на испитаниците е како погоре – додека 64,1% етнички Македонци се согласуваат со првата изјава, мнозинството етнички Албанци (55,3%) се приклонуваат кон спротивставената – дека полицијата ги гони криминалците зависно од етничката припадност.

Во фокус-групите било истакнато дека дел од дискриминацијата се однесува на притисокот од сопствената етничка заедница на полицајците, за поблаго казнување (или неказнување) при направен прекршок. Тука, сметаат тие, нема разлика по етничка основа, односно има вакви случаи кај секоја етничка заедница. За истакнување е и мислењето дека со подобрување на етничкиот баланс (особено со зголемување на бројот на полицајци – етнички Албанци), има покоректен однос кон граѓаните. Исклучок сè уште се Ромите, кои и натаму се помалку застапени во полицијата, а стереотипите за нивната заедница и натаму присутни и случаите на перципирано дискриминаторско однесување кон нив – најчести.

## II.2. ПРАВОСУДСТВО

Во секторот правосудство, граѓаните беа прашувани за услуги на обвинителството, судовите и институциите за извршување на санкциите.

Вкупно 54,2% од испитаниците сметаат дека има дискриминација по основа на етничка припадност во овој сектор, а 28,0% дека нема. Соодносот е 1,93 и со тоа е перципиран како трет сектор по зачестеност на дискриминацијата. Нешто поголем е бројот на етничките Албанци (59,9%) кои го мислат ова, во однос на етничките Македонци (51,0%).

Слично како кај безбедноста, со две прашања е испитувана дискриминацијата во областа правосудство, но има поголема поделеност во одговорите. Повторно, мнозинство граѓани (55,4 %) се позитивни во однос на судовите (сметаат дека ги водат постапките без

оглед на етничката припадност), но најмногу граѓани (17,2 % односно 17,8 %) се на екстремните позиции (оценки 1 односно 10).

**Табела 2. Ставови за дискриминација во обезбедувањето услуги од правосудството**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Владеењето на правото и примената на законите се спроведува подеднакво на целата територија на земјата, без разлика на етничката структура | 39,1 | 60,5 | Владеењето на правото и примената на законите не се спроведува подеднакво на целата територија на земјата во зависност од етничката структура |
| Судовите ги водат постапките и ги одредуваат казните, без разлика на етничката припадност | 55,4 | 43,9 | Судовите ги водат постапките и ги одредуваат казните во зависност од етничката припадност |

Од друга страна, мнозинството граѓани (60,5%) смета дека владеењето на правото и примената на законите не се спроведува подеднакво на целата територија на земјата.

Нема битно отстапување по етничка основа, односно и мнозинство етнички Македонци (66%) и етнички Албанци (75%) се на истото мислење. Во однос на регионалната распределба, најголем дел од лицата со вакво мислење се од полошкиот и делумно од скопскиот регион.

## II.3. ФИНАНСИИ

Во секторот финансии (јавни), граѓаните беа прашани за царините, даноците, процесот на денационализација.

Вкупно 47,2% од испитаниците сметаат дека има дискриминација по основа на етничка припадност во овој сектор, а 30,7% дека нема (соодносот е 1,54). Нема голема разлика во одговорите на етничките Македонци (46,7%) и етничките Албанци (50,4%).

Прашањето на финансиите е разгледувано од аспект на буџетот (дистрибуција по етнички заедници), плаќањето на даноците (односно санкционирањето на неплаќањето), како и пристапот до кредити за различните етнички заедници.

**Табела 3. Ставови за дискриминација во секторот финансии (јавен и деловен)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Буџетот на Република Македонија се распределува врз основа на објективни критериуми, без разлика на етничката припадност | 51,4% | 47,5% | Буџетот на Република Македонија се распределува со фаворизирање на другите (не мојата) етнички заедници. |
| Неплаќачите на даноци се санкционирани, без оглед на нивната етничка припадност | 33,5% | 65,0% | Припадниците на некои етнички заедници не плаќаат даноци, а тоа не се санкционира |
| Пристап до кредити во банките се обезбедува, без разлика на етничката припадност | 79,8% | 19,9% | Банките во пристап до кредити ги фаворизираат другите (не мојата) етнички заедници |

Целосно е поделено мислењето за распределбата на буџетот (51,4 % сметаат дека се распределува без разлика на етничката припадност, а 47,5 % сметаат дека се фаворизираат други етнички заедници. Ова (второто) го мислат 75,6 % од етничките Албанци. Во таа фокус-група се истакнати примери за недоволни (или непропорционални) инвестиции во инфраструктурата (патишта, паркови, канализација, осветлување, спортски сали).

**Графикон 7. Етнички разлики во перцепцијата на финансиските услуги**




Поголема е недовербата на граѓаните дека неплаќачите на данок се санкционираат подеднакво (65 %), со тоа што висок процент (34,4 %) е убеден во тоа. Тука етничките Македонци се нешто позастапени (69,2 %, наспроти 60,7 % етнички Албанци). Во фокус-

групата со етнички Албанци, имало согласност дека тие помалку плаќаат данок, објаснувајќи го тоа со невработеноста. Исто така и од Ромите во фокус-групата е потенцирано дека наспроти стереотипот за неоданочување на пазарот во Шуто Оризари, тоа не е така.

Наспроти тоа, големо мнозинство (79,8 %) испитаници смета дека има еднаков пристап до банките (кредитите и други финансиски услуги) за сите етнички заедници. Слична е процената (82,5 %, наспроти 72,9 %) кај двете најголеми етнички заедници.

## II.4. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Во секторот земјоделство, од особен интерес беа прашањата на субвенциите, како и на разни дозволи (концесии и сл.) и пристапот од средствата на ИПАРД[2].

**Графикон 8. Ставови за дискриминација во земјоделството (вкл. субвенциите)**




Вкупно 40,7 % од испитаниците сметаат дека има дискриминација по основа на етничка припадност во овој сектор, а 33,5 % дека нема. Соодносот е 1,21 и со тоа е перципиран како еден од најмалку дискриминаторските сектори. Но, тука има поголема разлика во ставовите меѓу етничките Македонци (37,7% сметаат дека има, а 25,7% дека нема дискриминација) и етничките Албанци (53,1% велат дека има, наспроти 27,9%).

Мнозинството граѓани (59,3%) сметаат дека *„субвенциите во земјоделството се одобруваат врз објективни критериуми, без разлика на етничка припадност“*. Но, има отстапување по основа на етничката припадност на испитаниците, бидејќи малцинство етнички Албанци (32,8%) се согласува со оваа изјава, а 67,2% не, при тоа 38,9% искажува целосно несогласување.

Во однос на регионалната застапеност, во повеќето региони доминира мислењето за соодветна распределба. Отстапување од примерокот има во полошкиот регион (за 10 процентни поени), во пелагонискиот (за 5) и делумно во југоисточниот регион.

## II.5. ОБРАЗОВАНИЕ

Во секторот образование, граѓаните беа прашувани за услуги како запишување во државни училишта, доделување стипендии, акредитации, нострификација на дипломи.

Вкупно 59,3 % од испитаниците сметаат дека има дискриминација по основа на етничка припадност во овој сектор, а 31,5 % дека нема (соодносот е 1,88, со што образованието е перципирано како втор сектор според честота на дискриминација). Интересно, процентот на одговори на етничките Македонци и етничките Албанци се слични – околу 59 % рекле „да“, а 32 % „не“. Оваа перцепција, а и случаите на етнички поделби, нетолеранција и насилство во училиштата, потекнуваат од неколку стереотипи, за кои граѓаните беа прашани во оваа анкета.

**Табела 4. Ставови за одвивањето на наставата поврзани со етничката припадност**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учениците од иста етничка заедница треба да учат во **интегрирани училишта** | 50,1% | 49,0% | Учениците од иста етничка заедница треба да учат во исто училиште во посебна зграда |
| Учениците од различни етнички заедници во исто училиште, треба да учат во **иста смена** | 57,7% | 41,9% | Учениците од различни етнички заедници во исто училиште, треба да учат во различна смена |
| Учениците од различни етнички заедници кои учат на ист јазик треба да учат во етнички **мешани паралелки** | 59,4% | 40,0% | Учениците од различни етнички заедници кои учат на ист јазик треба да учат групирани во етнички поделени паралелки |
| **Ромите** треба да учат групирани во етнички мешани паралелки | 63,6% | 36,1% | Ромите треба да учат групирани во ромски паралелки |

[2] Инструмент за претпристапна помош за рурален развој

Првиот од нив е дали учениците од иста етничка заедница во едно училиште треба да учат во посебна зграда или пак во иста (интегрирана/мешана средина). Граѓаните се целосно поделени по ова прашање (49,0 %, наспроти 50,1 %), сепак со најмногу одговори (33,6 % или секој трет граѓанин) се за интегрирано образование, а и поделбата не е по етничка основа (47 % од Македонците и 51 % од Албанците). Во двете фокус-групи се истакнати предностите на интегрираните училишта, но мнозинството од учесниците во нив изјавиле дека не би ги пратиле своите деца во такви, главно оправдувајќи го тоа со перцепцијата за намалена безбедност во училиштата, како и потенцијалот за конфликт.

Втората дилема е дали учениците од различни етнички заедници треба да учат во иста или во различна смена. Тука има поголема согласност за интеграција (57,7 %), но се разликува ставот на етничките Албанци, кои во приближно истиот процент сепак се за учење во различни смени.

Потоа, граѓаните беа прашани дали учениците од различни етнички заедници кои учат на ист јазик треба да учат групирани во етнички поделени паралелки или во исти (етнички мешани) паралелки. Тенденцијата кон поголема интеграција продолжува (59,4 %) при што 40,6 % се целосно за учење на различни етнички заедници во исти паралелки. Сепак и тука мнозинството етнички Албанци (57,3 %) преферираат етнички поделени паралелки.

**Графикон 9. Ставовите за дискриминација/интеграција во образованието по етничка припадност**




Конечно, посебно прашање беше поставено за односот кон Ромите – дали тие треба да учат во посебни (ромски) паралелки или во етнички мешани паралелки. На ова прашање е и најголемата согласност за интеграција 63,6 % (вклучувајќи 45,2 % со максимална согласност). Повторно, поддршката за ова кај етничките Албанци е малцинска (40,8 % се „за“, а 59,2 % „против“).

## II.6. МЕДИУМИ

Во однос на медиумите, од интерес за истражувањето беше дали тие доволно добро ја отсликуваат мултиетничката реалност на Македонија и дали всушност самите медиуми поттикнуваат дискриминација, стигматизација или вознемирување на некоја етничка заедница.

**Графикон 10. Ставови за дискриминација, стигматизација или вознемирување во медиумите**




На првото прашање, 42,6 % граѓани сметаат дека *„етничките заедници се доволно добро прикажани во медиумите“*, односно дека **разноличноста** во македонското општество е добро отсликана во медиумите, а 32,6% дека не се.

За разлика од тоа, дури 62,3 % мислат дека *„медиумите се однесуваат дискриминаторски, односно* ***стигматизираат*** *при известувањето за некои етнички заедници“.*

Има релативна етничка избалансираност кај овие прашања, со мало отстапување кај второто, каде што 13% повеќе етнички Албанци отколку етнички Македонци сметаат дека има дискриминација во медиумското претставување на етничките заедници.

## II.7. ЖИВЕАЛИШТА, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА

Големо мнозинство граѓани од 74,7 % се на мислење дека граѓаните треба да живеат во етнички мешани средини.

Исто така, 85,8 % сметаат дека пристапот до објекти за спорт, рекреација, забава, угостителство треба да биде за сите граѓани подеднакво.

Во двата случаи нема никакви отстапки по однос на етничката припадност.

## II.8. ОБЛАСТ НА ВРАБОТУВАЊЕ

Вработувањето, без оглед на секторот, е перципирано како најчеста област на дискриминација (и по основа на етничка припадност, но и по сите други основи) и во ова истражување, како и во најголемиот број други во Европската Унија.

**Графикон 11. Другите етнички заедници одземаат работни места од мојата**




Секој втор граѓанин на Македонија (47,4%) смета дека другите етнички заедници одземаат работни места од нивната заедница (додека 23,8% не се согласуваат со тоа), а нема разлика според етничката припадност на испитаниците.

Според фокус-групите, за етничките Албанци проблемот е во долготрајната претходна дискриминација во државните институции и големите приватни фирми, каде што сè уште на позициите кои одлучуваат за вработување се главно етнички Македонци, додека кај другите етнички заедници се посочува на Рамковниот договор како фаворизирачки за етничките Албанци.

Распространето е мислењето (66,9 % вкупно и 48,5 % со оценка 10) дека и во услови на недостаток на можности на вработување, изборот треба да биде врз објективни критериуми, без разлика на етничката припадност. За ова се залагаат мнозинството (70,9 %) етнички Македонци, но и 54,6% од етничките Албанци.

Споредувајќи го државниот и приватниот сектор, слично како кај финансиите (буџетот, наспроти банките), граѓаните сметаат дека повеќе дискриминација има во државниот сектор (79,3 %, а 11 % дека нема), наспроти приватниот за кој 54 % сметаат дека има дискриминација, а 31,7 % дека нема. Тоа го потврдуваат и фокус-групите.

**Графикон 12. Дискриминација при вработувањето во државниот и во приватниот сектор**

**а) перцепција за дискриминација**




**б) согласност за афирмативни мерки**




Како што се гледа од графиконот 12, има етнички разлики при процената на дискриминацијата при вработувањето, и тоа етничките Албанци во поголем процент веруваат дека таа ја има во државниот сектор (89,3 %, наспроти 75,5 % од етничките Македонци), додека етничките Македонци пак повеќе (55 %) од етничките Албанци (49,2 %) го мислат истото, но за приватниот сектор.

Сепак, сите се согласуваат со воведување специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на лицата од немнозинските етнички заедници (пр. специјални програми за обука, квоти за вработување, даночни поттикнувања, воведување стандарди за општествена одговорност и сл.), речиси подеднакво за државниот (73,2 %) и за приватниот сектор (67,4 %) и е слично (66 %) на поддршката за тоа во 2009 година.

### Заклучоци за дискриминација во поединечните сектори и области

**За сите испитувани поединечни сектори преовладуваат мислењата дека има дискриминација**, со тоа што за четири сектори (здравство, образование, правосудство и безбедност/ полиција) тоа се и мнозински мислења (над 50 % од испитаниците).

Дополнително на тоа, **етничките Албанци сметаат дека има поистакната дискриминација** заради етничката припадност **во секторите земјоделство и култура**.

**Има разлики по етничка основа** и на прашањата за перцепција на функционирањето на **полицијата**, распределбата на **буџетот**, (не)плаќањето **данок**, поделбата на **субвенциите**, степенот на **интеграција во училиштата**.

Повеќе граѓани (79 %) мислат дека **дискриминацијата во областа на вработувањето е почеста во државниот**, отколку во приватниот сектор (54 %).

## III. ПРИФАТЛИВОСТ НА ПОЛИТИЧКО ВОДСТВО

Овој дел од истражувањето се однесува на прифатливоста за извршување на највисоките државни функции од страна на припадници на други етнички заедници, како и механизмите за заштита од дискриминација.

**Графикон 13. Прифатливост на друга етничка заедница за висока државна функција**




За мнозинството граѓани (57,9 %) е прифатливо припадник на друга етничка заедница да биде избран на висока политичка функција (наспроти 34,9 % за кои тоа е неприфатливо). Додека за сите малцински етнички заедници е речиси без исклучок прифатливо вакво нешто, кај етничките Македонци има целосна поделба по ова прашање (за 47,8 % е прифатливо, но за 43,6 % не е). Според фокус-групата со етнички Македонци, поддршката е условена со професионално извршување на функцијата, а не фаворизирање на својата етничка заедница (какви што, според нив, се повеќето досегашни искуства). За етничките Албанци, доколку функцијата ја извршува припадник на друга етничка заедница, во прашање е нивото на „грижата" за нивните проблеми, но сепак се поподготвени за таква ситуација.

Споредено со 2009 година, општото ниво на поддршка за извршување на високи државни функции од припадници на други етнички заедници е намалена од 66%, на 58%.

Слична е поддршката на таква можност, кога се работи конкретно за етнички Албанци (54,3%), Турци (56,2%), а станува малцинска кога се во прашање Ромите (45,8%).

Што се однесува до конкретни државни функции, следната табела ја прикажува општата прифатливост за секоја од нив да се најде припадник на друга етничка заедница од таа на анкетираниот граѓанин, како и поделбата според двете најголеми заедници.

**Табела 5. Прифатливост припадник на друга етничка заедница да биде избран за (во %):**

| | Да | Не | НЗ/БО | Мак.* | Алб.* |
|---|---|---|---|---|---|
| Претседател на Република Македонија | 39,5 | 57,7 | 2,8 | 24,7 | 74,4 |
| Претседател на Собранието на Република Македонија | 50,7 | 46,0 | 3,4 | 40,0 | 70,0 |
| Претседател на Владата на Република Македонија | 41,5 | 54,5 | 4,1 | 28,1 | 71,0 |
| Претседател на Уставниот суд на Република Македонија | 49,3 | 46,6 | 4,1 | 37,0 | 75,6 |
| Претседател на Врховниот суд на Република Македонија | 48,8 | 46,8 | 4,4 | 35,7 | 78,2 |
| Претседател на Републичкиот судски совет | 53,6 | 42,5 | 3,9 | 42,8 | 77,5 |
| Јавен обвинител на Република Македонија | 54,5 | 41,9 | 3,6 | 44,3 | 76,0 |
| Народен правобранител на Република Македонија | 54,4 | 42,0 | 3,6 | 44,7 | 72,9 |
| Министер за надворешни работи | 48,0 | 49,4 | 2,6 | 35,9 | 76,0 |
| Министер за одбрана | 45,2 | 51,6 | 3,3 | 31,6 | 77,5 |
| Министер за внатрешни работи | 44,6 | 51,6 | 3,8 | 30,9 | 76,3 |
| Министер за правда | 50,6 | 46,0 | 3,4 | 39,3 | 73,7 |
| Министер за финансии | 54,9 | 41,3 | 3,7 | 45,5 | 76,3 |
| Гувернер на Народната банка на Република Македонија | 52,5 | 42,6 | 4,9 | 41,6 | 77,9 |
| Началник на Генералштабот на АРМ | 42,8 | 53,0 | 4,2 | 28,0 | 77,1 |

* во последните две колони (македонска и албанска етничка припадност) наведени се процентите за одговори „да“

### Заклучоци за прифатливост на политичко водство од друга етничка заедница

Општо земено, сè уште **има мнозинска поддршка** (57,9%) припадник на друга етничка заедница да биде избран на висока политичка функција, но таа поддршка е намалена во однос на 2009 година (66%).

За мнозинството граѓани на Македонија, **прифатливо е** припадник на друга етничка заедница да биде на една од следниве функции (според соодносот на одговори „да“ и „не“, од 1,3, до 1): министер за финансии и правда, јавен обвинител, народен правобранител, претседател на Републичкиот судски совет, гувернер на Народната банка, претседател на Собранието, претседател на Уставниот и на Врховниот суд.

**Малцинска е поддршката** за припадник на другите етнички заедници да биде избран на функциите: министер за надворешни работи, за одбрана и за внатрешни работи, началник на Генералштабот на АРМ, а најмалку прифатливо е за функциите претседател на Владата и претседател на Република Македонија.

Во сите случаи поддршката од етничките Македонци е малцинска (од 24% до 45%), додека од етничките Албанци има големо мнозинство (од 70% до 78%).

# IV. БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

**Графикон 14. Доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување, дали ќе побарате заштита од релевантните институции, организации?**




Големо мнозинство граѓани (72,3 %) изјавуваат дека доколку се жртва на дискриминација или вознемирување, би го пријавиле случајот.

Но, тоа не кореспондира со реалноста на само 47 пријавени случаи (исклучиво кај Народниот правобранител) во последните три години, како и изјавите наведени погоре на некои од претходните прашања (за 19,1 % жртви и 23,4 % сведоци на дискриминација).

Во таков случај, граѓаните примарно би се обратиле во полиција (36,5 %), до Народниот правобранител (21,5 %), а потоа во суд (11,9 %) или на адвокат (11,2 %), а помал дел би се обратиле до некоја граѓанска организација (7,6 %) или друга институција. Ова е претпочитаниот редослед кај сите етнички заедници, со мал исклучок кај етничките Албанци, кои примарно би се обратиле кај Народниот правобранител, а потоа во полиција, додека пред адвокатите, ги преферираат судовите и граѓанските организации.

Овој исход (довербата во полицијата) е исто така во делумна контрадикторност со перцепцијата за голема дискриминација (55,7 %) токму во полицијата (трета од сите споменати институции).

**Графикон 15. Каде ќе се обратите за заштита од дискриминација?**




### Заклучоци за институциите за борба против дискриминацијата

Големо мнозинство, **72 % граѓани би пријавиле случај на дискриминација** по основ на етничка припадност, доколку им се случи ним или доколку бидат сведоци.

Тоа **не е во согласност со одговорите** на прашањата за личните искуства со случаи на дискриминација (жртви или сведоци) од 31,9 % **и праксата** (бројот на пријавени случаи во институциите последниве години, од околу 20 случаи годишно – сите кај Народниот правобранител на Република Македонија).

За разлика од нејзиното перципцирано дискриминаторско постапување, **полицијата е институцијата кон која прво би се обратиле** најголем дел од граѓаните во случај на дискриминација (кај етничките Албанци пред полицијата е само Народниот правобранител).

## Прилог 1: Анкетен прашалник за дискриминација и вознемирување врз основа на етничка припадност

### I. ОПШТО – КОНТЕКСТ

**П1. Би можеле ли да ми кажете што мислите, колку честа е секоја од наведениве форми на дикриминација во Република Македонија? Дискриминација врз основа на...**

| | | Многу честа | Прилично честа | Прилично ретка | Многу ретка | Не постои (спонтано) | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| е1 | Етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | -1 | -2 |
| е2 | Пол/Род | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | -1 | -2 |
| е3 | Сексуална ориентација | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | -1 | -2 |
| е4 | Возраст | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | -1 | -2 |
| е5 | Религија или верско уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | -1 | -2 |
| е6 | Инвалидност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | -1 | -2 |
| е7 | Партиска припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | -1 | -2 |

**П2. (е8) Ако ја споредите сегашната ситуација со онаа од пред пет години, дали би рекле дека дискриминацијата врз етничка основа е почеста или поретка?**

1 – Многу почеста
2 – Доста почеста
3 – Ниту почеста, ниту поретка (иста)
4 – Доста поретка
5 – Многу поретка
-1 – Не знам (спонтано) / -2 – Без одговор (спонтано)

**П3. Дали во изминатите 12 месеци:**

| | | Не | Да | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|
| е9 | Лично сте се почувствувале дискриминирани/вознемирени заради етничката припадност? | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е10 | Сте биле сведок на дискриминација или вознемирување заради етничката припадност? | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е11 | Наведете пример | | | | |

**П4. Според вас, дали има дискриминација по етничка основа во испораката на услугите:**

| | | Не | Да | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|
| е12 | Безбедност и полиција (заштита/интервенции, издавање дозволи, изводи, патни исправи, лични карти, државјанство итн.) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е13 | Правосудство (обвинителство, судство, институции за извршување санкции и сл.) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е14 | Јавни финансии (царина, даноци, денационализација) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е15 | Економија (дозволи за извоз-увоз, концесии, лиценци) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е16 | Земјоделство (субвенции, дозволи, пристап до средствата од ИПАРД) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е17 | Здравство (здравствено осигурување, здравствени услуги – прегледи, лекување, рецепти, ортопедски помагала, породување) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е18 | Образование (запишување во државни училишта, доделување стипендии, акредитации, нострификација на дипломи) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е19 | Социјалните услуги (социјална помош, посвојување, други надоместоци) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е20 | Култура (финансиска поддршка на уметници, институции и проекти: книги, филмови, театарски претстави и сл.) | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е21 | Урбанизам (дозволи за градење, откуп на станови, оттуѓување градежно земјиште, урбанистички планови и др.) | 0 | 1 | -1 | -2 |

### II. БЕЗБЕДНОСТ И ПОЛИЦИЈА

**П5. Со која од следните изјави се согласувате, користејќи ја скалата од 1 до 10**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| е22 | Полицијата ги обезбедува јавниот ред и безбедноста, без разлика на етничката структура на заедницата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Полицијата не го обезбедува јавниот ред и безбедноста во мојата заедница поради етничката структура |
| е23 | Полицијата ги гони криминалците, без разлика на нивната етничка припад. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Полицијата ги гони криминалците зависно од нивната етничка припад. |

### III. ПРАВОСУДСТВО

**П6. Со која од следните изјави се согласувате, користејќи ја скалата од 1 до 10**
**Ве молам кажете ми која од следните изјави е поблиска до Вашиот став**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| е24 | Владеењето на правото и примената на законите се спроведува подеднакво на целата територија на земјата, без разлика на етничката структура | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Владеењето на правото и примената на законите не се спроведуваат подеднакво на целата територија на земјата, во зависност од етничката структура |
| е25 | Судовите ги водат постапките и ги одредуваат казните, без разлика на етничката припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Судовите ги водат постапките и ги одредуваат казните во зависност од етничката припадност |

## IV. ФИНАНСИИ

**П7. Со која од следните изјави се согласувате, користејќи ја скалата од 1 до 10**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| e26 | Буџетот на Република Македонија се распределува врз основа на објективни критериуми, без разлика на етничката припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Буџетот на Република Македонија се распределува со фаворизирање на другите (не мојата) етнички заедници |
| e27 | Припадниците на некои етнички заедници не плаќаат даноци, а тоа не се санкционира | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Неплаќачите на даноци се санкционирани, без оглед на нивната етничка припадност |
| e28 | Пристап до кредити во банките се обезбедува, без разлика на етничката припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Банките во пристап до кредити ги фаворизираат другите (не мојата) етнички заедници |

## V. ВРАБОТУВАЊЕ

**П8. Дали се согласувате или не се согласувате со следнава изјава**

| | | Се согласувам | Не се согласувам | Ниту се, ниту не се соглас. (спонт.) | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| e30 | Другите етнички заедници ги одземаат работните места од мојата заедница | 1 | 2 | 3 | -1 | -2 |

**П9. Со која од следните изјави се согласувате, користејќи ја скалата од 1 до 10**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| e31 | Кога има недостаток на можности за вработувањето, работодавачите треба да им даваат предност на припадниците на нивната етничка заедница | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | И во услови на недостаток на можности на вработување, изборот треба да биде врз објективни критериуми, без разлика на етничката припадност |

**П10. Според вас, дали има дискриминација при вработувањето во**

| | | Не | Да | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|
| e32 | Државниот сектор | 0 | 1 | -1 | -2 |
| e33 | Приватниот сектор | 0 | 1 | -1 | -2 |

**П11. Дали би се согласиле или би биле против воведувањето специфични афирмативни мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на лицата од немнозинските етнички заедници?** На пример, вакви мерки се: специјални програми за обука, квоти за вработување, даночни поттикнувања, воведување стандарди за општествена одговорност и сл.

| | | Сосема се согласувам | Делумно се согласувам | Делумно не се согласувам | Воопшто не се согласувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| e34 | Во државниот сектор | 1 | 2 | 3 | 4 | -1 | -2 |
| e36 | Во приватниот сектор | 1 | 2 | 3 | 4 | -1 | -2 |

## VI. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**П12. Со која од следните изјави се согласувате, користејќи ја скалата од 1 до 10**
Ве молам кажете ми која од следните изјави е поблиска до Вашиот став

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| e37 | Субвенциите во земјоделството се одобруваат врз објективни критериуми, без разлика на етничката припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Субвенциите во земјоделството не се доделуваат врз основа на објективни критериуми и им се дава предност на другите етнички заедници |

## VII. ОБРАЗОВАНИЕ

**П13. Со која од следните изјави се согласувате, користејќи ја скалата од 1 до 10.** Ве молам кажете ми која од следните изјави е поблиска до Вашиот став

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| e38 | Учениците од иста етничка заедница треба да учат во исто училиште во посебна зграда | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Учениците од иста етничка заедница треба да учат во интегрирани/мешани училишта |
| e39 | Учениците од различни етнички заедници во исто училиште треба да учат во иста смена | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Учениците од различни етнички заедници во исто училиште треба да учат во различна смена |
| e40 | Учениците од различни етнички заедници кои учат на ист јазик треба да учат групирани во етнички поделени паралелки | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Учениците од различни етнички заедници кои учат на ист јазик треба да учат во етнички мешани паралелки |
| e41 | Ромите треба да учат групирани во ромски паралелки | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Ромите треба да учат во етнички мешани паралелки |

**VIII. Медиуми**

**П14. (е42) Дали сметате дека разноликоста по основа на етничка припадност е доволно отсликана во медиумите?**

0 – Не
1 – Да
-1 – Не знам (спонтано) / -2 – Без одговор (спонтано)

**П15. (е43) Дали сметате дека медиумите поттикнуваат дискриминација, стигматизација или вознемирување на некоја етничка заедница?**

0 – Не
1 – Да
-1 – Не знам (спонтано) / -2 – Без одговор (спонтано)

**П16. (е44) Според вас, кој медиум во Македонија најмногу поттикнува дискриминација, стигматизација или вознемирување на некоја етничка заедница? (спонтани одговори)**

**IX. ДРУГО**

**П17. Ве молам кажете ми која од следните изјави е поблиска до Вашиот став**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| е45 | Пристапот до објекти за спорт, рекреација, забава, угостителство треба да биде за сите граѓани подеднаков | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Објектите за спорт, рекреација, забава, угостителство можат да бидат клупски – да одредат пристап само за членови од одредена етничка група |
| е46 | Луѓето треба да живеат во етнички мешани населби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Сите треба да живеат во населби со своите етнички групи |

**X. ВОДЕЧКИ ФУНКЦИИ И БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА**

**П18. (е) Дали за вас е прифатливо да биде избран на висока политичка функција**

| | | Не | Да | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|
| е47 | Припадник на друга етничка заедница | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е48 | Етнички Албанец/Албанка | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е49 | Етнички Турчин/Турчинка | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е50 | Етнички Ром/ка | 0 | 1 | -1 | -2 |

**П19. Дали за вас е прифатливо припадник на друга етничка заедница да биде избран за:**

| | | Не | Да | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|
| е51 | Претседател на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е52 | Претседател на Собранието на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е53 | Претседател на Владата на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е54 | Претседател на Уставниот суд на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е55 | Претседател на Врховниот суд на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е56 | Претседател на Републичкиот судски совет | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е57 | Јавен обвинител на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е58 | Народен правобранител на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е59 | Министер за надворешни работи | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е60 | Министер за одбрана | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е61 | Министер за внатрешни работи | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е62 | Министер за правда | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е63 | Министер за финансии | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е64 | Гувернер на Народната банка на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |
| е65 | Началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија | 0 | 1 | -1 | -2 |

**П20. (е66) Доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување, дали ќе побарате заштита од релевантните институции, организации?**

0 – Не
1 – Да
-1 – Не знам (спонтано) / -2 – Без одговор (спонтано)

**П21. (е67) Каде ќе се обратите за да побарате заштита (изберете еден одговор):**

1 – Суд
2 – Полиција
3 – Народен правобранител
4 – Адвокат
5 – Синдикат
6 – Граѓанска организација
7 – Друго
-1 – Не знам / -2 – Без одговор

## Прилог 2: Примерок (1.074)

**Н1 (е68). Пол**
1 – Маж (52,9%)
2 – Жена (47,1%)

**Н2(е69). Возраст**
1 – до 30 години (37,9%)
2 – од 31 до 40 (23,3%)
3 – од 41 до 50 (18,2%)
4 – од 51 до 60 (13,4%)
5 – над 60 (7,2%)

**Н3 (е70). Етничка припадност**
1 - Македонец/ка (66,9%)
2 - Албанец/ка (24,4%)
3 - Турчин/ка (2,0%)
4 - Ром/ка (4,5%)
5 - Србин/ка (2,0%)
6 - Влав/инка (0,1%)
8 – Друго (0,2%)

**Н4 (е71). Дали припаѓате на одредена религија?**
1 – Православна (66,1%)
2 – Исламска (30,7%)
3 – Католичка (0,3%)
4 – Друга (0,7%)

**Н5 (72). Без разлика дали припаѓате на одредена религија, дали сметате дека сте**
1 – Религиозна личност (76,5%)
2 – Нерелигиозна личност (15,1%)
3 – Атеист (2,0%)

**Н6 (е73). Работен статус**
1 - Вработен во јавниот сектор (18,0%)
2 - Вработен во приватниот сектор (33,3%)
3 – Земјоделец (2,8%)
4 – Студент (13,6%)
5 – Домаќинка (4,4%)
6 – Невработен (20,8%)
7 – Пензионер (7,2%)

**Н7 (е74). Дали би се опишале себеси дека припаѓате на:**
1 - Висока класа (4,1%)
2 - Повисока средна класа (22,0%)
3 - Пониска средна класа (38,0%)
4 - Работничка класа (23,2%)
5 - Пониска класа (7,2%)

**Н8 (75). Образование**
1 - Незавршено основно (2,6%)
2 – Основно (11,3%)
3 – Средно (48,9%)
4 - Вишо, високо (37,2%)

**Н9 (е76). Место на живеење**
1 - Рурално (село) (28,4%)
2 - Урбано (град) (54,4%)
3 – Скопје (17,2%)

**Н10 (е77). Во која група спаѓа вашето домаќинство? Ве молиме одредете го соодветниот износ на месечни примања по член на домаќинство, сметајќи ги сите семејни приходи**

| до 1.500 ден. | 1.500 - 3.000 ден. | 3.000 – 4.000 ден. | 4.000 – 5.000 ден. | 5.000 – 6.500 ден. | 6.500 – 8.000 ден. | 8.001 – 11.000 ден. | 11.001 - 15.000 ден. | 15.001 - 24.000 ден. | Над 24.000 ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 5,0% | 7,4% | 6,9% | 7,5% | 9,5% | 9,4% | 13,4% | 12,3% | 12,4% | 11,8% |

**Н11 (е78). Во политичка смисла, луѓето зборуваат за „лева“ и „десна“ ориентираност (левица/десница). Каде вие со вашите уверувања и ставови би се нашле на следнава скала?**
од 1 до 5 - лево (22,6%) / од 6 до 10 – десно (23,1%)
-1 – Не знам / -2 – Без одговор

**Н12 (е79). На која политичка партија сте симпатизер?** (не се читаат партиите)
ВМРО-ДПМНЕ (15,2%)
СДСМ (10,8%)
ДУИ (7,5%)
ДПА (3,2%)
НД (1,5%)

**Н13 (е80). Регион**
1 – Скопски (24,2%)
2 – Југоисточен (7,1%)
3 – Источен (11,2%)
4 – Североисточен (9,3%)
5 – Вардарски (6,5%)
6 – Југозападен (10,6%)
7 – Полошки (16,3%)
8 - Пелагониски (14,8%)

## Прилог 3: Теми во фокус-групите

1. Поимање, причини и свест за распространетост на етничката дискриминација
2. Зошто мислите дека постои разлика помеѓу вашето искуство и мислењето дека етничката дискриминација е раширена?
3. Зошто полицијата различно би се однесувала во зависност од етничката заедница?
4. Етничка фаворизираност при дистрибуција на буџетот и неплаќање даноци
5. Етничка фаворизираност при вработување во државниот и во приватниот сектор
6. Прифатливост на етнички мешани училишта
7. Прифатливост на лица од друга етничка заедница за јавни функции

## Прилог 4. Библиографија

Бешка-Петроска В., Најческа М. (2009) **Барометар на еднакви можности**. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Најчевска М., Кадриу Б. (2008) **Поимник на изрази поврзани со дискриминацијата**. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС).